# СКОПЈЕ - ДЕНЕС КАКО НЕКОГАШ



**Станимир НЕДЕЛКОВСКИ**

*Музеј на град Скопје*



Се наоѓаме во период на напуштање на хемиските основи на фотографијата. Фиксирањето или записот на оптичката проекција веќе нема да биде темелено на овој процес кој толку структурно го димензионираше овој медиум. Димензијата на дигиталниот запис дополнително ќе внесе тектонски промени кои ќе имаат влијание не само врз техниката и начинот на фотографирањето, туку притисокот особено ќе биде концентриран врз нејзината рецепција и формите на егзистенција на „запрените слики". Тоа е блиска иднина, но сепак иднина. Значи, во ова сегашно незавршено време, иднината врши притисок врз концептите на современите фотографи. Некои се наоѓаат во целосно освојување на новите можности, а некои нурнуваат во племенитоста на старите технологии.

Станимир Неделковски работи како фотограф во Музејот на град Скопје. Во оваа институција тој често преснимува или е во некој друг контакт со стари разгледници од нејзината колекција од првата половина на минатиот век. Но неговата врска со овие артефакти не завршува само на ниво на работните обврски. Во лабораторијата во која работи често наминуваат стари фотографи, современици на споменатите картички, со нивната постојана опсесија со апаратите од нивната младост и бескрајните прикаски за снаодливоста во применувањето на фотографските материјали во времињата на скудност и сиромаштија. Тие за нив зборуваат како за нормални процеси од нивната пракса, но од сегашнава позиција тие звучат навистина неверојатно: - како да се направи фотографија кога немате филм или што да се прави кога нема никакво електрично осветлување во моментот кога треба да се направи некоја копија ... потоа различни недоволно познати или тајни хемикалии и нивните односи итн. Цел еден свет кој е во исчезнување. Главната поента во овие сеќавања е секогаш концентрирана на исклучоците и примерите кои не можат да се најдат во стручната литература. Тие постојано се во некој однос на одредување на „празното место" во овој занает, нешто што темелно влијаело врз вкупниот пластицитет на овој медиум во периодот на „старата" црно - бела фотографија, а познато е само на избран круг на занаетлии.

Идејата на проектот „Скопје - денес како некогаш„ е практично да се повторат старите фотографски техники и на публиката да ѝ се препушти остварените резултати сознајно да ги спореди со актуелните практики. Проблемскиот интерес на секој потфат кој се занимава со повторно освојување на минатите искуства е скоро секогаш насочен во истражувањата на дистинкциите во претставите. Различните технологии постојано остваруваат различни јазични модели кои дополнително влијаат на колективните претстави. Во една опуштена мотивска примена на овој концепт (метода која ја овозможува неговата лесна комуникативна релација со околината) овој проект е работен со цел одново да се практикуваат заборавените вештини и снаодливости врз современите визури или збиено кажано - како изгледа современо Скопје снимено со техниките од почетокот на дваесетиот век.

Делата за оваа изложба Неделковски ги снимаше (во текот на 2004 година) со четири стари аматерски апарати: AGFA SYNCHRO BOX, BALDAK - BOX, KODAK JUNIOR 620 и CARL ZEISS CAMERA. Наместо вообичаен негатив на пластична лента тој користи фотографска хартија. Конечниот резултат се добива откако, во влажна постапка, ќе се изработи контакт копија од овој негатив на друга фото-хартија. Работниот концепт резултира со мали димензии на секој позитив кој е релативно тежок за перцепција. Во зависност од интензитетот на светлината се користат долги експозиции: од 2 секунди до 15 минути. Скоро ниту еден апарат не поседува бленда. Ефектот од долгите експонирања е исчезнувањето на многу човечки фигури или силуети од автомобили по улиците. Скопје е најчесто празно. На самиот крај од работната постапка следува класичниот, стар, фотографски ретуш.

Во споредба со нашите актуелни навики во доживувањето на претставите или глетките кои нé опкружуваат (резултат кој својата причина ја има во оптичките и хемиските карактеристики на современата фотографска техника) фотографиите од „Скопје - денес ..." покажуваат многу поголеми контрасни разлики меѓу предниот и задниот план и разбирливо помала оптичка острина поради нискиот квалитет на објек-

тивите. Впечатокот е дека можеби токму поради нив тие лесно можат да создадат одредена „мотивска приказна“ - во нив не постои тонско-то воедначување меѓу плановите кое често може да има проблеми со втиснувањето на одредени визуелни нарации во глетката. Применетиот технички концепт резултира со јазична едноставност која, на чуден начин, „невино“ ја онеобичува стварноста.
„Скопје - денес ...“ е проект кој целината ја создава од единечни елементи, од детали распрснати по патот на еден медиум. Во концептот за работа на оваа серија фотографии кај авторот (но и кај публиката која со неа треба да биде во некоја релација) се насетува одредена насоченост или афинитет кон синтагмата „меланхолија на формата“. Во нејзината присутност е забележлив степенот на иронија или, во секој случај, некој ироничен призвук чија вредност е неодредлива. Тоа ќе упатува кон чуството дека се соочуваме со една мутирана форма на поп-артот која во себе ги преработила повеќето визуелни кодови од тековните уметнички практики. / **Лазо Плавевски**









We are passing through a period of abandoning the chemical grounds of photography. The fixing or the recording of the optic projection will not be based upon this process that has been so structurally dimensioning this medium. The dimension of the digital data is introducing additional tectonic changes which will influence the technique and the way of photographing. while the pressure will be specially pointed on its reception and the forms of existence of the "frozen pictures". It is due to happen in the near future, yet it is our future. So, in this present continuous time, the future is pressing upon the concepts of the contemporary photographs. Some are trying to completely master the new possibilities, while some are still diving through the exaltedness of the old technology (or technologies).
Stanimir Nedelkovski works as a photographers at the Museum of the City of Skopje. In this institution he is often in a situation to re-photograph or get in touch with the old postcards from its collection, dating from the first half of the previous century. But, his relation with these artifacts does not stop only at the level of a working assignment. The laboratory he works in is sometimes frequented by old photographers, contemporaries of the mentioned postcards, with their permanent obsession with the cameras of their youth and the endless stories of the resourcefulness in applying the photograph materials in times of destitution and poverty. They speak of them as normal processes of their practice, but from the present point of view they actually sound unbelievable: - how to make a photography when you don't have a film or what to do when there is no electric light when you have to make a copy... then, all the different unknown or secret chemicals and their relations, etc. An entire world in disappearance. The principal idea of these memories is always concentrated on the exceptions and examples that can not be found in the specialized literature. They are constantly in a relation of defining the "missing link" of this craft, something that has profound-

ly influenced the entire plasticity of this medium in the period of the "old" black and white photograph, and is known only to a chosen circle of craftsmen.
The idea of the project "Skopje - Today as Once" is to practically re-apply the old photographic techniques and leave it to the audience to compare the achieved results to the current practices. The issue of each effort that deals with re-mastering of the past experiences is almost always targeted towards researching the distinctions in the images. The different technologies are constantly devising different discourse models that additionally influence the collective images. In a relaxed motif application of this concept (a method that provides an easy communication relation with the public), this project was conceived in order to re-apply the forgotten skills and resourcefulness upon the contemporary viewpoints or, in other words - how does the contemporary city of Skopje look when photographed with the techniques from the beginning of the previous century.
Nedelkovski photographed (in the course of 2004) the works for this exhibition with four old amateur cameras AGFA SYNCHRO BOX, BALDAK - BOX







CAMERA, KODAK JUNIOR 620, CARL ZEISS CAMERA. Instead of the usual negative on a plastic tape he uses photographic paper. The ultimate result is achieved when, after applying a water procedure, he makes a contact copy of the negative on another photo-paper. The working concept results in positives with small dimensions, relatively difficult for perception. Depending on the light intensity, he uses long expositions: from 2 seconds to 15 minutes. Almost none of his cameras has a stop. The effect of the long exposures is the disappearance of many human figures or car silhouettes from the streets. Skopje is most often empty. The working procedure is completed by the good old photographic retouch.
Compared to our current practice of experiencing the images or the views that surround us (a result that proceeds from the optic and chemical features of the contemporary photographic technique), the photographs of "Skopje - Today..." show substantially higher contrast values between the front and the rear range and, consequently, lower optic sharpness due to the low quality of the lenses. The impression remains that maybe it is the reason for them to render a kind of a "motif story" - they possess no tone equalization between the ranges which sometimes produces problems in introducing certain visual narration into the picture. The applied technical concept results in a simple discourse that, in a strange way, "innocently" makes the reality unusual.
„Skopje - Today..." is a project that composes the whole out of individual elements, of details scattered on the way of a medium. In the working concept of this series of photographs the artist shows (together with the audience, since it is supposed to be in some relation with them) a certain dedication or affinity for the syntagm "melancholy of the form". Its presence shows a significant level of irony or, at least, an ironic hint whose value is indeterminable. This leads us to the feeling that we are facing a mutated form of pop-art that has processed in itself most of the visual codes of the current art practices. / **Lazo Plavevski**





























ФОТОГРАФ

СКОПЈЕ - ДЕНЕС КАКО НЕКОГАШ

**Станимир Неделковски** е роден на 02. 05. 1969. во Скопје. Завршил Училиште за применета уметност во Скопје во 1988. Работи како фотограф во Музејот на град Скопје.
Адреса: Пелистерска, 2-1/4, 1000 Скопје, Р. Македонија
Тел.: ++ 389 70 217 975

Самостојни изложби
2001 Скопје, Фото роман за една изложба, Музеј на град Скопје
2004 Скопје, Скопје - денес како некогаш, Музеј на град Скопје

Поважни групни изложби
1994 Куманово, Денови на македонската фотографија
1995 Тетово, Денови на македонската фотографија
Струга, Меѓународна изложба на уметничка фотографија „Мостови“
1996 Скопје, Меѓународна изложба на уметничка фотографија „Фотомедија“
1998 Штип, Денови на македонската фотографија
Скопје, Меѓународна изложба на уметничка фотографија „Фотомедија“
1999 Битола, Денови на македонската фотографија
2002 Скопје, Големото врамување, Музеј на современата уметност

Награди
1994 Трета награда за фотографија, Денови на македонската фотографија, Куманово
1995 Диплома за колекција, Меѓународна изложба на уметничка фотографија „Мостови“, Струга
Втора награда, Денови на македонската фотографија, Тетово
1996 Бронзен ФИАП медал за фотографија, Меѓународна изложба на уметничка фотографија „Фотомедија“, Скопје

**Stanimir Nedelkovski** was born on the 2nd of May 1969 in Skopje. He completed the School of Applied Arts in Skopje in 1988. He works as a photographer at the Museum of the City of Skopje.
Address: Pelisterska 2 -1/4, 1000 Skopje, Republic of Macedonia
phone: ++ 389 70 217 975

Solo Exhibitions
2001 Skopje, Photo Novel about an Exhibition, Museum of the City of Skopje
2004 Skopje - Today as Once, Museum of the City of Skopje

More Important Group Exhibitions
1994 Kumanovo, Days of Macedonian Photography
1995 Tetovo, Days of Macedonian Photography
Struga, International Exhibition of Art Photography „Bridges“
1996 Skopje, International Exhibition of Art Photography „Photomedia“
1998 Stip, Days of Macedonian Photography
Skopje, International Exhibition of Art Photography „Photomedia“
1999 Bitola, Days of Macedonian Photography
2002 Skopje, The Large Framing, Museum of Contemporary Art

Awards
1994 Third Place for Photography at the Days of Macedonian Photography, Kumanovo
1995 Diploma for a Collection at the International Exhibition of Art Photography „Bridges“, Struga
Second Place at the Days of Macedonian Photography, Tetovo
1996 Bronze FIAP Medal for Photography, International Exhibition of Art Photography Photomedia“





Изложени се 118 фотографии и негативи на хартија со димензии 6 x 9 см. и 9 x 12 см. во 34 дрвени рамки.

Изложбата и каталогот се реализирани со подршка на Министерството за култура на Република Македонија
The exhibition and the catalogue are supported by the Ministry of Culture of the Republic of Macedonia
Издавач: Музеј на град Скопје; Одговорен уредник: Климе Коробар; Организација на изложбата и текст: Лазо Плавевски; Превод на англиски: Маја Хаџимитрова Иванова; Дизајн и подготовка на каталог: Фросина Зафировска; Печати: Скенпоинт; Тираж: 500; Реализација: Музеј на град Скопје, мај, 2004
Publisher: Museum of the City of Skopje; Editor-in-chief: Klime Korobar; Organization of the exhibition and texte: Lazo Plavevski; Translation: Maja Hadzimitrova Ivanova; Layout: Frosina Zafirovska; Printed by: Skenpoint Realisation: Museum of the City of Skopje, May, 2004

# SKOPJE - TODAY AS ONCE



**Stanimir NEDELKOVSKI**

***Museum of the City of Skopje***